# УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ

***НАПОМЕНА:***

СИТЕ ЦЕНИ ВО ПРОГРАМАТА СЕ ИЗРАЗЕНИ ВО ДЕНАРИ И ВО ЕУРА, а уплатите се во денарска противвредност според полноважниот продажен курс на приватните менувачници на денот на уплатата.

- ***ЛЕГЕНДА:***

**СВ (ALL INCLUSIVE)** - комплетна исхрана и пијалок, како и користење на поедини содржини
**КП -** полн пансион - ноќевање и три оброка: појадок, ручек, вечера;
**ПП** - полу пансион - ноќевање и два оброка: појадок и вечера;
**НП** - ноќевање со појадок ;
**НАЕМ** - наем на апартман за сите особи (без исхрана);
**1/2** - една двокреветна соба.

- ***ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ***
- ***ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНИТЕ ПРЕСМЕТАНО Е СЛЕДНОТО:***

превоз, трансфери, исхрана, туристичка програма, водички услуги, разни такси (оние кои не се напоменати дека се доплаќаат), трошоци за организација, а сето тоа спрема приложената програма.

- ***ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНИТЕ ПРЕСМЕТАНО НЕ Е СЛЕДНОТО:***

трошоци кои ќе ги прави патникот, телефонски трошоци, собен сервис, пијалок, оброци кои не се предвидени со програмата, трошоци за виза, трошоци за факултативни излети и други трошоци кои не се предвидени со програмата.

- ***ПРИЈАВИ И УПЛАТИ:***

под отказ се подразбира потполно откажување од патувањето, а промена, сите видови на промени, во смисла на промена на термин, назив и место на патувањето. Патникот е должен веднаш да го извести организаторот за евентуален отказ или промена и задолжително да ги сноси трошоците спрема долунаведените рокови:

| пред поаѓање денови | отказ | промена |
|---|---|---|
| од 0 до 16 дена | 100% | 90% |
| од 16 до 31 ден | 50% | 500 денари |

- ***ЦЕНИ:***

- организаторот на патувањето може да ја измени договоренаа цена, во случај на промена на цените во сообраќајот поради промена на цените на горивото или промена на курсот на денарот во однос на останатите конвертибилни валути. Ако зголемувањето на цената е поголемо од 10% од првобитната цена, патникот може да го откаже патувањето без обврска да ја надомести штетата. во тој случај на патникот му се враќа уплатениот износ во целост.

- ***ПАТНИ ДОКУМЕНТИ:***

Секој патник е должен да обезбеди важечки пасош за патување во странство. Организаторот не превзема никаква одговорност доколку пасошот е неисправен или ако патникот го изгуби пасошот.

- ***ВИЗИ:***

во земјата каде што е потребна виза патникот е должен да ја набави истата (само доколку не се работи за групна виза), освен во случаи предвидени со програмата кога организаторот посредува во вадење на визите. Организаторот НЕ превзема одговорност доколку амбасадата не издаде виза на истиот.

- ***МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА:***

доколку штетата е настаната во објект или во транспортно возило патникот е должен да се обрати до директниот давател на услугата (хотелот или превозникот), ако штетата не настанала како последица на негова вина

- ***ШТЕТА ОД ДЕЈНОСТ:***

**Т.А.Авиотурс Травел Сервис** е осигуран од дејност и сите штети за време на патувањето настанати од трети лица, а во врска со аранжманот ги подмирува осигурителна куќа "ЕВРОИНС" - Скопје

- ***ОДГОВОРНОСТ НА ОРГАНИЗАТОРОТ:***

Организаторот не може да ја превземе одговорноста за штети кои би можеле да настанат со измени на програмата настанати од виша сила. Организаторот го задржува правото да го откаже или одложи патувањето во случај на недоволен минимален број на патници предвидени спрема програмата, најмалку седум дена пред поаѓање. Во тој случај организаторот е должен да му ја врати на патникот уплатата во целост во рок од осум дена од отказот, а патникот не може да бара никакво обесштетување. Организаторот поради оправдани причини, делумно може да ја измени програмата, а при тоа да го извести патникот најмалку седум дена пред поаѓање. Во тој случај организаторот е должен да го обесштети патникот за неисполнетите услови адекватно од стварна разлика, или ако патникот се откаже од патувањето да му ја врати во целост уплатената сума во рок од осум дена. Организаторот може од оправдани причини да изврши замена на договореното сместување во објект од иста или повисока категорија (за своја сметка), а во случај на замена со пониска категорија, ќе го обесштети патникот во износ од стварната разлика во цената помеѓу двете сместувања.

- ***РЕКЛАМАЦИИ:***

сите рекламации кои можат да настанат, патникот е должен да ги направи на лице место со писмена изјава кај претставникот - водичот на организаторот (оверена од истиот). По враќање, патникот е должен за дадената рекламација во рок од осум дена, (во писмена форма), да се обрати на организаторот.

- ***ВАЖНИ НАПОМЕНИ:***

доколку патникот од било која причина сам го прекине престојот противредноста на неискористените услуги не се рефундираат.

ОВИЕ ОПШТИ УСЛОВИ ВАЖАТ ЗА СИТЕ ПРОГРАМИ КОИ СЕ ИЗВЕДУВААТ ВО ТЕКОВНАТА 2016 ГОДИНА

Nikola Nikolovski

Digitally signed by Nikola Nikolovski
DN: o=AVIOTURS TRAVEL SERVIS DOOEL Skopje, c=MK, email=nikola_edanok@yahoo.com, sn=Nikolovski, givenName=Nikola, cn=Nikola Nikolovski
Date: 2015.11.18 15:26:51 +01'00'